ОД ВЕЧЕРВА ВО ДАУТ-ПАШИН АМАМ ВО СПОМЕН НА МАКЕДОНСКИОТ СЛИКАР

# Изложба со пејзажите на Томо Владимирски



Ретроспективната изложба на Томо Владимирски , по повод 100-годишнината од неговото раѓање, ќе биде отворена вечерва (20 часот) во Даут-пашин амам во Скопје. Ќе бидат изложени околу 140 дела - масла, цртежи, акварели и скици за сценографии од сите творечки периоди на Владимирски, од 1935 до 1970 година. Во спомен за големото име на македонското сликарство е издадена е поштенска марка на која




*Поштенската марка*



*Мотиви од Вардар*

е отпечатена сликата на Владимирски "Мотив од Прага".

Томо Владимирски е роден во 1904 година во Скопје, во познатото Пајко маало. Тој е претставник на првата генерација македонски сликари, претставници на современата уметност. Своето сликарско образование како ученик Владимирски го добива од зографот Димитар Андонов - Папрадишки. Уметничка школа и академски курс завршил во Белград во 1935 година, тој е и од генерацијата на прашката школа со специјализација кај професорот Јакоб Обровски во Прага каде што ја отворил и првата самостојна изложба.

Владимирски беше вљубеник во пејзажот, особено во пределите околу Вардар и Радика. Неговите дела се дел од музејските збирки во Македонија, но се и во приватните збирки кај нас и во странство. Целиот работен век Владимирски го поминал во Македонскиот народен театар каде што работел како сценограф на драмски, балетски и на оперски претстави.

**(Н.Д.)**